# ɾ ɗɘtsltstsls ʤǾ

# ʍtɕʃfiʤtsfŋ

# Hʝ ʣ3

---


Оргинален текст: Katherine Hershey

Адаптација за Европа: Jennifer Haaijer


ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.


CEF® of Europe
Kilchzimmer
4438 Langenbruck
Switzerland

www.cefeurope.com



Copyright © 2001 Child Evangelism Fellowship® Inc.
Сите права се задржани. Употребено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба. За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## Тринаесетта лекција

**Исус ги прифаќа децата и нахранува 5000 луѓе**

**Библиски текст:** Марко 10: 13-16; Матеј 18:1-14; Јован 6,1-13; Марко 6: 31-44.

**Основна вистина:** Господ Исус ги сака децата.

**Примена за неспасени деца:** Дојди кај Исус за да ти се простат гревовите.

**Примена за спасени деца:** Тој е подготвен да ги искористи твоите раце, усни, нозе, сè што имате, затоа предајте му ги Нему.

*(Ви предлагаме да ја поучувате оваа лекција во два дела, за време на еден детски час, или два последователни часа.)*

**ПРВ ДЕЛ**

**Почеток:** Сара и Принцезата.

**Развој на настаните:**

1. Учениците се расправаат кој е поголем.
2. Исус повика дете.
3. Исус поучува за децата - ЦВН.
4. Толпата го слуша Исус.
5. Децата дојдоа.
6. Учениците се обидоа да ги избркаат.
7. Исус се замеша.

**Кулминација:** "Пуштете ги децата" - ЦВН.

**Заклучок:** Ги дигна и ги благослови - ЦВН.

**Стих за учење напамет:** *Марко 10,14: "Оставете ги децата да приоѓаат кај мене и не пречете им, зашто на таквите им припаѓа царството Божјо".*

**Практична работа:**

проектот децата можат да го изработат дома, или за време на часот. Најдобро е листовите да се фотокопираат, да се залепат на картон и потоа да се изработи моделот.

**ПРВ ДЕЛ**

Сара се разбуди рано. Ова беше денот кога Принцезата *(ова можете да го прилагодите кон вашата состојба)* требаше да го посети нејзиниот град. Таа и нејзините родители планираа да пристигнат таму рано, за да одберат подобро место за гледање.

По појадокот, тие отидоа во центарот на градот, а улиците веќе беа полни со луѓе. Но Сара, нејзината мајка и татко ѝ успеаја да најдат место на работ на плочникот. Тие долго чекаа. Најпосле се појави долг блескав автомобил. Луѓето почнаа да поздравуваат кога од него Принцезата почна да ѝ мавта на толпата. Сите се изненадија кога автомобилот запре и Принцезата слезе од него. Таа се поздрави со некои луѓе, застана и поразговара со една стара жена блиску до Сара која возбудено мавташе. Принцезата се приближи полека, а потоа ја фати Сара за рака.

"Како се викаш?" - праша таа. - "Сара Паркер" - одговори Сара, одвај зборувајќи од возбуда.

"Имаш многу убава коса", - рече Принцезата и се оддалечи.

Лицето на Сара блескаше од радост. Принцезата разговараше со неа! Таа мислеше дека Принцезата разговара само со важни луѓе, а не со осумгодишни девојчиња.

Ќе ве зачуди ли, ако ви кажам дека најважната Личност која кога било живеела на овој свет се интересира за тебе, без оглед на тоа дали имаш 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 или 12 години? Неговите пријатели имаа тешкотии да го разберат тоа. Кога тие мислеа за важни луѓе, не помислуваа на деца. Мислеа само на себе!

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите од 3С-157 до 3С-160, учениците на Христос).*



Еден ден тие се караа за тоа кој од нив е поголем. Тие решија да го прашаат нивниот учител и Тој да го реши спорот. Што ќе каже Тој, дали е најглавен Петар... или Јован, или...?

Господ Исус направи нешто неочекувано. "Дојди!" - викна едно дете. Детето дојде и застана меѓу нив. "Мора да се измените и да станете како мали деца", - им рече на учениците. И тогаш Тој им кажа некои многу важни работи за децата... за вас! Тој рече дека децата можат да веруваат во Него, дека можат навистина да го познаат како нивни Спасител. Јас се радувам што Исус го рече тоа, бидејќи понекогаш луѓето велат: "Вие сте премногу мали". Но, Господ Исус сака да поверувате сега и да не чекате прво да пораснете.

Тој рече дека ќе биде многу, многу лошо за

секој кој им прави тешкотии на децата да поверуваат во Него и да живеат за Него. Понекогаш возрасните им се смеат на децата кои велат дека се христијани. Понекогаш дури и им помагаат на децата кои се христијани да згрешат. Тоа е многу лошо. Господ Исус им кажа на учениците дека неговиот Татко, Бог не сака ни едно дете да биде вечно казнето за неговите гревови.

Учениците внимателно слушаа. Се надевам дека запомнија дека Господ Исус ги сака децата. Ќе го запамтите ли и вие тоа? Ќе побарале ли од Него да ви ги прости сите гревови? Ако го направите тоа, Тој ќе ве прими и вие ќе бидете исто толку среќни како и децата кои дојдоа кај Него многу одамна. Можеби, некои од вас навистина сакаат да дојдат кај Него, но не знаат како. Ве молам, дојдете и разговарајте со мене по часот. Јас ќе бидам *(одредете место)*. Ќе ми биде мило да ви покажам од Библијата како можете да дојдете кај Него. Не заборавајте дека Господ Исус ги сака децата. Но, дали запомнија учениците? Не помина долго време и дојде проверката...

**Сцена 2** *(поставете ги фигурите од 3С-157 до 3С-163)*



Беше еден од оние денови кога луѓето се собираа околу Господ, поставувајќи му прашања. Господ Исус одговори на некои многу важни прашања. Понекогаш даваше одговори од делот на Библијата кој се нарекува Стар Завет. Понекогаш одговараше со свои зборови, кои беа Божји зборови.

**Сцена 3** *(поставете ги возрасните и децата, фигурите 3С-164 и 3С-165)*



Разговорот на возрасните одеднаш беше прекинат од детски гласови. Учениците погледнаа и ги видоа како доаѓаат, трчаат, скокаат. Имаше некои возрасни кои во рацете држеа бебиња.

"Сигурно не доаѓаат кај Исус", - си помислија. - "Ние разговараме за многу важни работи. Тие не смеат да нè прекинуваат". А, можеби, и си зборуваа еден со друг: "Не смееме да дозволиме овие деца да му здодеваат. Овие луѓе треба да се опаметат. Тој е многу зафатен. Сигурно нема да сака да ги види децата". Учениците брзо се обидоа да го решат проблемот сами.

"Не! Не!", - заповедаа остро и се обидоа да ги задржат децата. - "Застанете, не смеете да му здодевате на Исус".

"Бегајте, Исус е премногу зафатен", - можеби рече некој друг. - "Тој нема време да му здодеваат децата".

"Тргнете ги бебињата, одете си".

Колку беа разочарани децата и тие кои ги донесоа кога мораа да се свртат и да си заминат натажени.

*(Отстранете ја фигурата 3С-163, поставете го Исус, фигура 3С-166)*



Господ Исус се издвои брзо, од толпата. Беше лут. Остро им се обрати на учениците:

"Оставете ги децата да дојдат кај Мене", - им заповеда Исус. - "Не бркајте ги. Царството небесно е за оние кои доаѓаат кај Мене како што дојдоа тие. Кој не го прима Царството Божјо, како што ги примаат малите деца, нема да влезе во него".

Господ Исус ги сака децата. Тие се многу, многу важни за Него. Тој сака да дојдеш кај Него. Се разбира, ти не можеш да дотрчаш до Него, како што направија тие деца. Но можеш да дојдеш кај Него, ако го замолиш да ти го прости твојот грев и да стане Господар на твојот живот. Тој сака да дојдеш, бидејќи многу ги сака децата. Навистина, кога умре на крстот, умре и за децата, а не само за возрасните.

**Сцена 4** *(заменете ја фигурата 3С-166 со 3С-167, Христос и децата. Поставете ја 3С-168, возрасните и децата)*



Учениците се повлекоа. Тие гледаа како Исус ги подаде рацете кон младенчињата. Ги подигна во своите раце. Околу него се собра толпа. Можеби мајките ги подаваа нивните бебиња поблиску до Него за да се допре до нив. Во Библијата се вели дека Тој ги стави рацете врз нив и ги благослови. Зар не сакате да бевте таму? Какво добредојде! Овие деца можеа да видат дека Исус, Синот Божји ги сака. Учениците мислеа дека децата не се важни. Но, Господ Исус го мислеше спротивното. И вие треба да знаете дека сте му важни, ако дојдете кај Него и му поверувате како на ваш Спасител. Тој вели: "Оставете ги децата да дојдат кај мене". Дојдете кај него сега. Речете му: "Мил Господе Исусе, сега доаѓам кај Тебе. Ти благодарам што умре и за децата, за мене. Те молам прости ми и биди мој Спасител".

**ВТОР ДЕЛ**

**Почеток:** Најдете многу слики од различни луѓе и заедно со децата залепете ги на голем картон, за на тој начин да направите голема толпа *(Ако во групата имате многу деца, можеби, нема да е изводливо, па направете го тоа дома сами).*

**Развој на настаните:**

1. Господ Исус и учениците пловат по езерото.
2. Толпата ги сретнува.
3. Господ Исус поучува.
4. Учениците велат: "Испрати ги дома".
5. Господ Исус рече: "Нахранете ги".
6. Андреј го најде момчето со ручекот - ЦВС.
7. Господ Исус го зеде ручекот и се заблагодари - ЦВС.
8. Беа нахранети 5000 луѓе - ЦВС.
9. Господ Исус рече: "Соберете ги остатоците".

**ВТОР ДЕЛ**

Исус Христос го придружуваше голема толпа. Учениците се надеваа дека, ако поминат на другата страна на езерото, заедно со Исус, ќе можат да се отстранат од луѓето. Но, кога стигнаа на другата страна на езерото, толпата веќе беше таму!

Чекаа стотици и стотици, илјадници луѓе. Господ Исус не беше нетрпелив или лут. Ги излекуваа болните и долго време поучуваше.

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите 3С-161 и 3С-162, 3С-157 до 3С-159, 3С-163)*



Учениците беа уморни и чекаа да се стемни. А Господ Исус сè уште поучуваше. Најпосле, тие дојдоа кај Него. "Ова е пусто место и веќе е доцна. Пушти ги луѓето да си одат, за да отидат по селата и да си купат нешто за јадење", - му рекоа тие.

*(Отстранете ја фигурата 3С-163, поставете ја фигурата 3С-160)*

Учениците беа изненадени од одговорот на Исус: "Не треба да си одат. Вие дајте им да јадат". Таков е Господ Исус! Тој ги сакаше луѓето. Во Библијата се вели дека Тој се грижеше за нив бидејќи беа како овци без пастир *(Марко 6,34)*. Ученикот Филип брзо пресмета колку пари ќе им требаат за да ја нахранат толпата. "Не можеме да го направиме тоа", - рече тој. - "Немаме доволно пари да купиме ни по малку за сите". Изгледаше дека нивниот учител од нив го бара невозможното! Зачудени повторно го прашаа Христос: "Да одиме ли да купиме храна?" За да купат храна за сите им требаа многу пари.

"Колку леб имате? Одете и видете!", - им рече Тој.

Тогаш проговори Андреј: "Овде има едно момче. Тоа има 5 јачмени леба и 2 мали риби. Но тоа не е ништо за ваква толпа". За учениците, момчето со неговиот ручек не изгледаше многу полезно. Можеби, како христијани, и вие мислите дека не сте му многу полезни на Господа. Можеби, дури некој ви рекол дека не можете да проповедате, ниту, пак, имате пари да им помогнете на мисионерите. Дали Господ може да ве испол-

зува? Дали сакаше да го использува ова момче и неговиот ручек?

Исус наеднаш рече: "Доведете го кај мене".

*(Поставете го момчето со ручекот, фигури 3С-172 и 3С-173, и Андреј 3С-159, на мал фланелограф што ќе го држите в рака, или на аголот на големиот фланелограф... како Андреј **"зборува"** со момчето)*

Можеби, Андреј додека одеше кон момчето размислуваше дали тоа ќе сака да го даде својот ручек. Веројатно, се прашуваше што ќе направи Господ со толку малку храна. Можеби, му рече: "Господ го сака твојот ручек". Веројатно, момчето беше гладно. Што ќе направи? Сигурен сум дека и тоа размисли за миг. Тогаш отиде со Андреј и му го даде ручекот на Господ Исус.

На Господ Исус му требаше тој ручек. Тој сакаше да го искористи. Прекрасно е да се знае дека тој сака да те направи полезен, ако го љубиш. Можеби си мислиш: "Што можам да му дадам?" Кога даваш дел од твоите пари како помош на мисионерите, ти му даваш пари Нему. Кога ги користиш твоите раце и помагаш дома, и на тој начин му покажуваш дека го сакаш, му ги даваш твоите раце. Кога некому му кажуваш дека си христијанин или некого поканиш в црква, му ги даваш твоите усни. Можеби изгледа малку, но Тој ги љуби своите деца и сака да ги направи полезни, ако Му сте предадени. Тој сакаше да го искористи ручекот на момчето. Но што можеше да направи со него?

*(Поставете ги фигурите на Андреј, момчето и ручекот покрај Исус, 3С-160, што ја ставате на местото на 3С-163. Ставете го ручекот во рацете на Исус)*



Кога Синот Божји го зеде тој скуден ручек во своите раце, му заблагодари на Бог Отецот. Тогаш Господ Исус се сврте кон учениците. "Кажете им на луѓето да седнат во групи од 50 и 100 души".

*(Отстранете ги луѓето што стојат и поставете ги фигурите од 3С-169 до 3С-171, седнатите луѓе)*



Откога толпата се подели во групи од по 50 луѓе, седнаа на тревата. На тој начин не беше тешко да се избројат. Имаше повеќе од 5000 мажи, а, исто така, имаше жени и деца кои седеа на тревата покрај езерото. Сите тие седеа, чекаа, гледаа...

Тоа што го видоа беше нешто чудно. Господ Исус го зеде ручекот на момчето и без многу церемонии ги раскрши лебовите и ги стави во кошници. Почна да ги полни кошниците една по друга, една по друга. Истото го направи и со рибите. Колку повеќе риби ставаше во кошницата, имаше сè повеќе и повеќе. Зачудените ученици ја разнесуваа храната на луѓето. Господ Исус како го направи тоа? Не со некоја магиска сила, туку со Божјата сила, бидејќи Тој е Бог.

Можете ли да си го замислите момчето како стои и гледа? Сигурно, ги ококори очите. Колку беше прекрасно да се биде дел од такво чудо! Додека јадеше од лебот и рибата мора да беше многу, многу радосен што му го даде својот ручек на Господ Исус.

Деца, сите вие кои сте го примиле Господ Исус, и вие ќе бидете радосни, ако на Господ Исус му ги дадете вашите пари, раце, нозе, усни, себеси. Тој може да го земе тоа што изгледа малку и со него да направи многу големи нешта. Тој е Бог Син. Тој те љуби и може да те использува на чуден начин. Можеби, твојата мајка, или татко, или некој пријател еден ден ќе станат христијани бидејќи вие сте им покажале каква промена направи Господ Исус во вашиот живот. Има места во кои има големи цркви, од двесте и повеќе луѓе. А знаете ли како почнаа тие? Како неделно училиште! Многу деца го запознаа Господ Исус, а нивните родители ја видоа промената во нивниот живот. Тие сакаа да дознаат повеќе и за неколку години се создаде црква. Господ Исус може да направи големи нешта со децата кои Го љубат. Тој направи чудо со ручекот на едно дете!

Откако сите се најадоа, Господ Исус рече: "Соберете ги остатоците!". Остатоци? Како може да има остатоци? Но, имаше. Учениците донесоа назад 12 полни кошници.

Толпата беше восхитена, а и учениците, исто така. Но, дали запомнија дека Господ Исус беше подготвен да использува дете? Ова е нешто што

не смеете никогаш да го заборавите. Ако му припаѓате на Господ Исус, зар нема да му се заблагодарите што сака да ве направи полезни? Зар нема да му ги дадете вашите раце, нозе, усни, пари, себеси? Тој ве сака и ќе ве исползува.

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ**

1. Во минатата лекција учениците на Господ Исус направија голема грешка. Што беше тоа?
*О. Се обидоа децата да ги чуваат понастрана од Господ Исус.*
2. Зошто мислите дека учениците сакаа да ги отстранат децата?
*О. Не мислеа дека Исус се грижи за децата.*
3. Како се чувствуваше Исус кога тие го направија тоа?
*О. Беше налутен.*
4. Што рече Тој?
*О. Марко 10,14.*
5. Зошто е важно за децата да дојдат кај Господ Исус денес?
*О. Бидејќи се грешни и им треба простување.*
6. Како можат децата денес да дојдат кај Господ Исус?
*О. Со вера дека тој умре за нив и да го прифатат како Спасител.*
7. За што се расправаа учениците?
*О. Кој од нив е поголем.*
8. Што им рече Господ Исус во врска со децата?
*О. Тие може да веруваат во него. Бог не сака да загинат.*
9. Кој му даде на Господ Исус храна со која нахрани 5.000 луѓе?
*О. Едно момче.*
10. Колку храна имаше момчето?
*О. Пет леба и две риби.*
11. Зошто можеше Господ Исус да нахрани толку многу луѓе со толку малку храна?
*О. Тој е Божји Син.*
12. Што можат децата христијани да му дадат на Христос?
*О. Рацете, нозете, усните, пари ...*

## Четиринаесетта лекција

**Исус оди по водата**

**Библиски текст:** Матеј 14, 22-23; Марко 6, 45-62; Јован 6, 15-21.

**Основна вистина:** Господ Исус им помага во решавањето на проблемите на тие кои му припаѓаат.

**Примена за спасени деца:** Кажи му го твојот проблем и верувај дека ќе ти помогне.

**Структура на лекцијата**

**Почеток:** "Сите беа воодушевени".

**Развој на настаните:**

1. Господ ги испрати учениците на другата страна на езерото.
2.Тие го послушаа со двоумење - ЦВС.
3.Тој отиде на планината да се моли - ЦВС.
4. Почна бура - ЦВС.
5.Учениците видоа бела фигура.
6. Учнците се уплашија.
7. Господ рече: "Тоа сум Јас" - ЦВС.
8. Петар оди кај Господ.
9.Петар почна да тоне и побара помош.

**Кулминација:** 10. Господ го спаси Петар - ЦВС.
11. Влегоа во коработ и бурата престана.

**Заклучок:** 12. Учениците го прославија - ЦВС.

**Стих за учење напамет:** *Псалм 46,1: "Бог ни е нам прибежиште и сила, помошник, на секој кој ќе се најде во неволја".*

**Учество на учениците:**
Децата кои се христијани нека кажат како Христос им помогнал при решавањето на нивните проблеми.

**Поуки за неспасените деца во вашето одделение**
Оваа лекција содржи поуки за спасени деца. Ќе биде добро на почетокот на програмата да вклучите нешто и за неспасените деца. Ви предлагаме на децата гласно да им прочитате некој од детските евангелистички трактати.

Тогаш, на секое дете дадете му по еден трактат за учење дома. Трактатите можете да ги добиете од претставниците на мисијата.

**Лекција**

Сите беа восхитени и си велеа еден на друг:

"Се разбира, мора да го направиме Цар".

"Да го направиме тоа уште сега".

"Никогаш не сум видел вакво нешто. Овој човек е Месијата".

Можете ли да се потсетите од минатата лекција што направи Господ Исус? Да, Тој нахрани 5000 луѓе со ручекот на едно момче. Сега сите сакаа Тој да им стане Цар!

**Сцена 1** *(Поставете ги учениците, фигурите од 3С-157 до 3С-159, Исус, фигурата 3С-160)*



И учениците беа восхитени. Тие се прашуваа дали дојде времето за Господ Исус да стане Цар? Исус Христос веднаш ја презеде контролата во свои раце. Тој знаеше дека ова не е тоа што Бог, Неговиот Татко, го бараше од Него. "Влезете во коработ", - им рече на учениците," - и преминете на другата страна од езерото". Тие не сакаа да го направат тоа. Тие сакаа да бидат таму, ако народот сакаше да го круниса за Цар. Но, Тој настојуваше... тие го послушаа... иако беа разочарани.

Тие кои поверувале во Исус Христос како нивни Спасител можат да доживеат разочарувања. Можеби, вашето семејство планираше да оди на одмор, но татко ти ја изгуби работата и одморот пропадна. Ти беше многу разочаран. Или, дали татко ти некогаш ти ветил да те одведе на фудбалски натпревар? А кога отидовте да купите билети, тие беа продадени. Да, ти го сакаш Господ Исус, но тоа не те спречи да се разочараш. Ако си христијанин, тоа не значи дека вакви работи нема да ти се случуваат. Едно е сигурно, Исус Христос знае сѐ за твоите разочарувања. Тој ги знаеше и чувствата на учениците.

**Сцена 2** *(Поставете го коработ 3С-175. Поставете ги месечината и ѕвездите 3С-176А и В)*



Тие не сакаа да си заминат *(Матеј 14,22).* Додека коработ се оддалечуваше од брегот тие можеа да го видат Господ Исус како ги испрати сите луѓе да си одат дома, а потоа почна да се качува на планината за да се моли насамо.

Сигурен сум дека учениците разговараа за случката. "Зошто Учителот не сакаше луѓето да го направат Цар?" - се прашуваа еден со друг.

"Тој е Месијата, Ветениот од Бог".

"Да, Тој ги има сите права да биде Цар".

"Тоа ќе биде крај на римското владеење во нашата земја".

Тие беа разочарани и многу зачудени. А Исус не беше со нив за да им одговори на нивните прашања.

Во тој момент Господ Исус правеше нешто многу важно. Што беше тоа? Да, се молеше. Во Библијата не се кажува за што се молеше, но сигурен сум дека се молеше за учениците. Тој сакаше тие да разберат каков Цар ќе биде Тој. Ако го разбереа тоа, веќе немаше да бидат разочарани.

Ако го љубите Господ Исус, запомнете дека Тој се грижи за вас кога сте тажни и разочарани. Тој знае кога имате големи проблеми. Тој се моли и за вас, исто така. Во Библијата читаме: *"... бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив" (Евреите 7,25).*

Господ Исус му зборува на својот Татко Бог за вас, ако сте негови деца. Тој знае што ви треба во моментот кога сте разочарани. Ние може да сме сигурни дека Бог ќе одговори на молитвите на својот мил Син.

Кога сте тажни, загрижени или разочарани, сетете се дека Господ Исус се моли за вас, исто како што се молеше за учениците. Тие продолжија да веслаат по езерото.

Тивкиот ветер стана посилен и одеднаш почна да дува силно, подигајќи бранови во водата. Брановите се подигаа сѐ повисоко и повисоко. А ветерот дуваше сѐ посилно.

**Сцена 3** *(Поставете го коработ 3С-177, отстранете го малиот кораб, Месечината и ѕвездите)*



Луѓето веслаа со сета сила, но напразно. Замислете само како се довикуваа еден со друг, додека се обидуваа да го задржат коработ да не потоне.

"Андреј, се уморив од веслање, замени ме малку!"

"Филип, помогни ми овде. Ми папсаа рацете".

"Матеј, земи го ведрото и почни да ја исцрпуваш водата".

"Ќе престане ли еднаш оваа бура?"

Тие заборавија на разочарувањето. Сега имаа многу поголем проблем. Понекогаш тие кои му припаѓаат на Господ Исус имаат големи проблеми - можеби некој во семејството кој имал проблеми со полицијата, или татко кој го напуштил семејството, или некој кој постојано те измачува на училиште.

Имаш ли и ти голем проблем како што имаа и учениците? Тие не знаеја што да прават.

"Само да беше Учителот со нас", - сигурно посакаа. Тие се сетија дека и другпат ги зафатила бура, но Исус беше со нив и ѝ заповеда на бурата да престане. Но сега Тој не беше со нив. Не можеше да направи ништо за да им помогне. Или, можеше ли? Тие не знаеја, но Тој навистина правеше!

Додека се бореа со бурата, Тој на планината се молеше за нив. Вие, кои го љубите Господ Исус, кога имате голем проблем, сетете се дека Исус му зборува на Бог, својот Татко, за вас. Тој точно знае што да бара од Бог. Тој знае што е најдобро за вас.

Запомнете: Исус се моли за вас. Јас мислам дека на учениците воопшто не им текна за тоа, додека ја гледаа бурата околу себе. Беше два часот по полноќ. Не можеа да го видат копното. Гледаа во темнината и можеа да видат многу големи бранови... и уште нешто.

**Сцена 4** *(Поставете ја фигурата на Исус 3С-178)*



Или, беше ли тоа некој... доаѓаше кон нив! Уплашени, учениците се поттупнуваа еден со друг, покажувајќи со рацете кон темнината. Се тресеа од страв. Сите очи беа насочени кон силуетата која се движеше. Таа се подигаше и се спушташе со брановите и доаѓаше сѐ поблиску до нив.

Тогаш некој прошепоти: "Дух!". Зборот се пренесе од еден до друг: дух. Тие повеќе се уплашија од тоа отколку од бурата. Можеби, дури и врискаа од страв кога фигурата почна да му се приближува на коработ.

Тогаш слушнаа глас: "Не плашете се, јас сум, не бојте се!". Учениците не можеа да им поверуваат на своите уши. "Тоа е Господ!", викаа еден кон друг. !Тоа е Господ". Тогаш јасно видоа - Тој одеше по разбрануваната вода! За Господ Исус тоа не беше тешко. Како единствен Божји Син, Тој беше творец на водата. Тој се грижеше за своите ученици и дојде да им помогне во опасноста. Тој се грижи и за вас, за децата, кои сте христијани, и за проблемите кои ги имате. Тие не се премногу големи за него. "... *Зашто за Бога сѐ е можно" (Марко 10,27).*

Родителите на едно девојче, кое беше христијанка, се разделија. Тоа беше многу натажено и побара помош од Господ. Тоа постојано се молеше неговите мајка и татко пак да почнат да живеат заедно. По подолго време тие го направија тоа и повторно среќата се врати во тој дом. Господ му помогна во решавањето на неговиот проблем.

И едно друго девојче христијанка го имаше истиот проблем. И тоа бараше помош од Господ. И тоа се молеше неговите родители пак да почнат да живеат заедно. Но, тие не се помирија. Меѓутоа, Господ му помогна на тоа девојче да биде весело и да ѝ биде помош на неговата мајка. По извесно време тоа и мајка му повторно можеа да живеат радосно. И нему му помогна Господ, исто така. Тој помага на различни начини - но секогаш помага. И тој сакаше да им помогне на учениците, исто така. Тој продолжи да оди по брановите кон коработ.

Петар викна: "Господе, ако си Ти тоа навистина, дозволи ми да дојдам кај Тебе по водата".

Господ Исус кажа само еден збор: "Дојди".

*(Поставете го Петар 3С-179)*



Петар излезе од коработ и почна да оди. Другите ученици останаа без здив. Ветерот сè уште дуваше. Брановите сè уште се подигаа, но Петар одеше по водата! Господ Исус, Божјиот Син му помогна да го направи тоа. Петар гледаше кон Господ и продолжи да оди. Тогаш погледна надолу. Мислите му се вратија на бурата: колкави бранови! Колку силен ветер! Се уплаши и почна да тоне. Сега беше во поголема неволја отколку порано. Целиот потона.

*(Отстранете го Петар)*

"Господи, спаси ме!" - брзо викна. Господ Исус веднаш ја подаде раката и го подигна Петар. "Маловернику, зошто се посомнева?" - праша Тој. Петар знаеше дека Господ Исус има сила да му помогне во сите неволји, знаеше дека го сака. Што ќе станеше, ако Исус не го спасеше? Каков и да е вашиот проблем, за вас кои сте христијани, Господ Исус може да ви помогне на различни начини. Тој го сака тоа, бидејќи се грижи за вас - исто како што се грижеше за Петар.

*(Поставете ги Петар и Исус, 3С-178 и 3С-179 зад коработ)*



Тие заедно се качија на коработ... и бурата престана. Веќе немаше бранови. Сè беше мирно и тивко и одеднаш се најдоа на брегот! Учениците беа вчудовидени. Сè што можеа да направат беше да клекнат пред Господ Исус и да кажат: "Навистина Ти си Син Божји". Да, само Синот Божји има таква моќ - да оди по водата, да му ја даде на Петар способноста да оди по водата, да му го спаси животот на Петар да ја смири бурата. Сето тоа го стори за нив. Колкава љубов!

Ако му припаѓаш Нему, Тој се грижи и за вас. Ќе ви помогне во решавањето на проблемите. Кажете му за нив. Тој ќе ви помогне да не сте загрижени и натажени цело време. Тој може да го реши и најголемиот проблем бидејќи е Бог!

*(Учителе: ќе биде добро да им дадете можност на спасените деца да посведочат како Господ им помогнал при разочарувањата или проблемите што ги имале).*

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ**

Довршете ја реченицата *(Учителе, кажете ја реченицата до потцртаните зборови и децата нека ја довршат).*

1. Толпата сакаше да го направи Господ Исус Цар, <u>бидејќи ги нахрани со пет леба и две риби.</u>
2. Учениците беа разочарани, <u>бидејќи сакаа да видат како толпата го воцарува.</u>
3. Господ Исус се качи на планината, <u>бидејќи сакаше да се моли.</u>
4. Кога христијаните имаат проблеми или разочарување, <u>можат да бидат сигурни дека Господ Исус се моли за нив.</u>
5. Учениците се уплашија, <u>бидејќи ги зафати бура.</u>
6. Господ Исус не само што се молеше за нив, <u>туку и дојде да им помогне.</u>
7. Учениците се уплашија уште повеќе, <u>бидејќи мислеа дека гледаат дух.</u>
8. Господ Исус им рече:<u>"Не бојте се! Јас сум, не плашете се".</u>
9. Петар можеше да оди по водата, <u>бидејќи Господ Исус му ја даде таа способност.</u>
10. Петар почна да тоне <u>кога ги погледна брановите.</u>
11. Петар викна: <u>"Господи спаси ме!"</u>
12. Господ Исус ја подаде раката <u>и го фати Петар.</u>
13. Можете да Му ги кажете вашите најголеми проблеми, <u>бидејќи нема ниеден кој е преголем за Него.</u>
14. Господ Исус ќе ти помогне, ако му припаѓаш Нему, <u>бидејќи те љуби.</u>

## Петнаесетта лекција

**Исусовото преобразување**

**Библиски текст:** Матеј 16,13-17; 21-23; 17,1-8; Марко 8, 27-33; 9,2-8.

**Основна вистина:** Исус е Христос, Син на живиот Бог.

**Примена за спасени деца:** Неговите зборови се поважни од било чии.

**Примена за неспасени деца:** Бидете Му послушни со тоа што ќе го прифатите како Спасител.

**Структура на лекцијата**

**Почеток:** Мартин и Михаил разговараат за тврдењето на Петар дека татко му е милионер.

**Развој на настаните:**
1. Господ Исус прашува: "Што велат луѓето за мене?"
2. Одговорот на учениците.
3. Исус праша: "За кого ме мислите вие?"
4. Петар: "Ти си Христос" - ЦВ.
5. Господ ја претскажува својата смрт.
6. Петар го прекори - ЦВ.
7. Господ ги поведува Петар, Јаков и Јован со себе на планината.
8. Тој се преобрази - ЦВ.
9. Тие го видоа Него, Мојсеј и Илија.
10. Се појави облак.

**Кулминација:** 11. Бог вели: "Овој е мојот возљубен Син..." - ЦВН. 12. Облакот и славата исчезнуваат.

**Заклучок:** 13. Господ ги охрабрува учениците да не се плашат.

**Учество на учениците:**
Треба да ги вклучите децата во разговорот, за заедно да најдете докази со кои ќе ја поткрепите основната вистина.

**Стих за учење напамет:** *"Ти си Христос, Син на живиот Бог". (Матеј 16,16).*

"Петар вели дека татко му е милионер", - му рече Мартин на својот пријател Михаил. "Замисли само, имаме син на милионер во нашето одделение", - додаде Мартин.

"Јас не мислам дека татко му е милионер. Петар само се фали", - одговори Михаил.

"Не, не се фали. Мислам дека е богат", - рече Мартин

"Но од каде знаеш? Не верувам на такви работи додека не се докажат", - беше упорен Михаил.

Да, важно е да се има доказ кога некој тврди дека има некаква моќ, дека е многу важен, или многу, многу богат. Уште поважно е да се има доказ кога некој вели дека е Син Божји. Денеска во нашата лекција ние ќе бидеме детективи. Ќе бараме докази дека Исус е Христос, Син на живиот Бог. *(Напишете ги овие зборови на парче картон и ставете ги на фланелографот.)*

**Сцена 1** *(поставете ги учениците и Христос, фигурите 3С-157, 3С-158, 3С-180 и 3С-181)*



Господ Исус ги праша учениците: "За кого ме мислат луѓето?"

"Некои велат дека си Јован Крстителот", - одговорија тие. *(Јован Крстителот беше убиен од лошиот цар Ирод. Подоцна кога Ирод слушна за Господ Исус, рече: "Сигурно Јован Крстителот воскреснал од мртвите".)* "Некои велат дека си Илија", одговори друг. "Или Еремија, или некој друг пророк кој живеел одамна и оживел", - продолжија учениците. "А, вие, што мислите вие, кој сум јас?". Петар брзо одговори: "Ти си Христос - Син на живиот Бог". Одговорот на Петар значеше дека Исус Христос беше Месијата, Спасителот ветен од Бог. Петар велеше дека Господ Исус беше поголем од Јован Крстителот и од кој било друг пророк кој живеел порано. Дека Тој е навистина Бог!

Какво тврдење - да се каже дека нивниот учител е Божји Син! Имаа ли докази? Ние детективите мора да почнеме да работиме. Имаше ли нешто што учениците го видоа или слушаа и кое беше доказ дека Исус е Син Божји? *(Ова е време за разговор. Поттикнете ги децата да се потсетат на двете претходни лекции. Доведете ги децата до заклучокот дека чудата што Господ Исус ги направи докажаа дека Тој е Божји Син. Исто така, посочете дека Неговото учење беше поинакво. Додека учениците слушаа почнаа да веруваат дека тоа беа Божји зборови).*

Значи, имаме докази. Да ги запишеме *(напишете: "**Неговите чуда**" на едно парче хартија, "**Неговото учење**" на друго парче и поставете ги на една страна на таблата)*. Но, доказите сами по себе не беа доволни да ги убедат или да им помогнат да разберат. Господ Исус му го објасни тоа на Петар: "Тој одговор ти го даде мојот Татко на небото. Ти сам не можеш да го знаеш тоа".

Тогаш на учениците им даде чудна наредба: "Немојте да кажете никому за ова". Веројатно, Господ Исус знаеше дека има луѓе кои се обидуваа да го направат Цар. Но, тоа не беше планот на Неговиот Татко. Тој прво мораше да умре.

Тоа беше нешто што Тој се обиде да им го објасни на учениците. Тој рече: "Одам во Ерусалим. Водачите на еврејскиот народ ќе ме мачат многу. Најпосле ќе ме убијат, и на третиот ден ќе воскреснам". Учениците не разбираа и, едноставно, не можеа да веруваат дека такво нешто може да му се случи на Синот Божји. Беше невозможно.

**Сцена 2** *(Отстранете ги фигурите 3С-157 и 3С-158, оставете ги Петар и Исус)*

Петар го тргна настрана и му рече: "Господи, тоа нема да се случи! Такво нешто не смее да Ти се случи". Господ остро му одговори: "Бегај од мене, сатано", - рече Тој, но гледаше во Петар кога го рече тоа. "Петре, ти мислиш човечки, не според Божјиот план".

Сега ние детективите треба длабоко да размислиме. Петар рече дека Исус е Христос. Секој Евреин знаеше дека тоа е името на Тој кој беше ветен од Бог. Во Стариот завет имаше многу нешта запишани за Месијата. Едно од нештата што го кажа Бог беше дека Месијата треба да умре. Зборовите од Стариот Завет беа запишани стотици години порано. "*А тој беше изранет за нашите гревови и мачен поради нашите беззаконија... и Господ ги наложи врз него гревовите на сите нас*" *(Исаија 53,5-6)*. Месијата требаше да умре за гревовите на луѓето како тебе и мене. Значи, ако Исус беше навистина Христос, ќе умреше. И Бог го казни за нашите гревови. Значи имаме уште еден доказ *(напишете: "**Неговата смрт**" на друг лист хартија и ставете го на таблата)*.

Учениците сè уште беа збунети. Тие воопшто не го разбраа кога Тој рече дека ќе воскресне од мртвите. Тие разбраа дури откако се случи тоа. Тие знаеја дека Неговото воскресение е доказ дека Тој е Божји Син. *(напишете: "**Неговото воскресение**" на парче хартија и залепете го на таблата.)*

По шест дена, откако Господ Исус им ги кажа овие нешта, кои беа толку тешки за разбирање, Тој ги повика Петар, Јаков и Јован да се искачат со него на една висока планина.

**Сцена 3** *(Поставете ги учениците и Христос, фигурите 3С-182 и 3С-183)*



Господ Исус сакаше да разговара со својот Татко. Затоа се одвои од учениците, за да се моли сам. Тројцата ученици беа уморни и заспаа. Додека спиеја и додека Господ Исус се молеше, се случи нешто чудно и прекрасно.

*(Заменете ја фигурата 3С-183 со 3С-184)*

Додека Господ Исус се молеше, Тој се измени и Неговото лице почна да свети. Во Библијата се вели дека лицето му светеше како сонцето и облеката му беше блескава како молња. Славата што Тој ја имаше засекогаш кај својот Отец на небото како да не можеше веќе да се скрие. Ова е уште еден доказ нели? *(напишете: "**Неговата слава**" на парче хартија и залепете го на таблата).*

Петар, Јаков и Јован за малку ќе го пропуштеа тоа. Но се разбудија точно навреме. Тие беа многу зачудени додека трепкаа со очите за да можат да погледнат кон нивниот Учител. Тоа беше Тој, во небесна слава!

**Сцена 4** *(Отстранете ги фигурите. Поставете го Христос, Илија и Мојсеј, фигурите од 3С-185 до 3С-187, со учениците, 3С-180 С и 3С-188)*



Одеднаш се појавија уште двајца луѓе. Тие блескаа од слава, бидејќи дојдоа право од небото. Тоа беа Мојсеј и Илија. Мојсеј беше умрен речиси 1400 години порано, а Илија отиде на небото без да умре пред 800 години. Мојсеј беше човекот кому Бог му ги даде десетте заповеди.

Исус Христос беше единствениот кој совршено ги исполни. Илија беше пророк и сите пророци го очекуваа доаѓањето на Месијата. Тој дојде; Мојсеј и Илија знаеја дека разговаат со него. Тие со Него разговараа за неговата смрт. Смртта на Господ Исус беше навестена уште пред создавањето на светот. Ние видовме дека беше запишана во Стариот Завет. Мојсеј и Илија го знаеја тоа. Тие, исто така, знаеја дека Тој со кого зборуваа беше ветениот Христос. Неговата смрт е вистинска потврда за тоа

*(Покажете на листот хартија залепен на таблата)*

Учениците гледаа и слушаа со восхит. Петар не можеше да молчи. Му се обрати на Господ Исус: "Господе, прекрасно е за нас да бидеме овде. Ајде да направиме три шатори; еден за Тебе, еден за Мојсеј и еден за Илија". Го рече тоа бидејќи не знаеше што друго да каже.

**Сцена 5** *(Поставете голем облак над луѓето)*

Одеднаш светол облак се спушти над нив и од облакот се слушна глас: "Ова е мојот возљубен Син, во кого е мојата волја; Него послушајте го!"

Тоа беше гласот на Бог Отецот. Колку прекрасен доказ *(напишете:* ***"Глас Божји"*** *на парче хартија и залепете го на таблата)*. Тројцата ученици никогаш не го заборавија.

Бог јасно кажуваше кој е Исус Христос. Тој ги потсети Петар, Јаков и Јован дека мора да му се послушни на Господ Исус Христос. Тој мора да е на прво место. Тој мора да е поважен од сè во нивните животи.

Собравме многу докази дека Исус Христос е, Син на живиот Бог! Што значи тоа за тебе и твојот живот? Одговорот го даде Бог, кога проговори од облакот: "Него послушајте го!". Бог му го вели тоа на секој од нас кои сме денеска собрани овде.

Ако никогаш не сте поверувале во Исус Христос како во Спасител, почнете да го слушате и да му бидете послушни, со тоа што ќе се одвратите од вашиот грев, ќе побарате од Него да ве спаси, и тогаш да почнете да живеете во послушност кон Него.

Ако сте христијани, треба да научите како Господ Исус сака да живеете, а тоа ќе го научите од Библијата. А тогаш, кога ќе треба да одберете меѓу тоа што Господ Исус го вели и тоа што го велат другите, ќе го послушате Него. Зошто? Бидејќи Тој е Син Божји! Тоа го рече Бог Отецот од облакот.

Кога учениците го слушнаа гласот беа толку уплашени што ничкум паднаа на земјата и не мрднаа од страв.

**Сцена 6** *(Отстранете го облакот и фигурите од 3С-185 до 3С-187. Поставете ги учениците 3С-182, со Христос, 3С-189)*



Господ Исус дојде и ги допре. Нежно им рече: "Станете, не плашете се." Кога учениците погледнаа наоколу таму беше само Исус и блесокот веќе го немаше.

Погледнете ги доказите кои ги собравме! Кога имаме толку многу докази, мора нешто да сториме со нив. Ако веќе сте поверувале во Исус Христос како во ваш Спасител, бидете му послушни, каде и да сте. Па дури и ако некој се обиде да ве натера да направите нешта кои Нему не му се пријатни, бидете му послушни. Слушајте го повеќе од кој било друг. Да се биде непослушен кон Синот Божји е многу сериозна работа. Ако одбиете да го прфатите како ваш Спасител, вие не сте му послушни. Не правете го тоа, поверувајте во Него како во ваш Спасител уште денеска и почнете да живеете живот во послушност кон Него.

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ**

1. "Што велат луѓето, кој сум ЈАС?" - ги праша Господ Исус своите ученици. Кажете ги имињата на некои од луѓето кои беа спомнати.

О. *Јован Крстител, Илија, Еремија.*

2. Кој ученик одговори на прашањето: "За кого ме мислите вие?"

О. *Петар.*

3. Кој беше неговиот одговор?

О. *"Ти си Христос, Син на живиот Бог".*

4. Кои беа доказите што ги видоа учениците и кои им докажуваа дека тоа е вистина?

О. *Неговите чуда и Неговото учење.*

5. Што рече Исус, од каде го знаеше Петар тоа?

О. *"Мојот Татко на небото ти го даде одговорот. Сам не можеше да го знаеш".*

6. За која важна работа Господ Исус почна да им кажува на учениците по овој разговор?

О. *Дека ќе умре и третиот ден ќе воскресне од мртвите.*

7. Како може смртта на Господ Исус да е доказ дека Тој е Христос?

О. *Во Стариот Завет беше запишано дека Месијата треба да умре.*

8. Со кого отиде Господ Исус на планината за да се моли?

О. *Со Петар, Јаков и Јован.*

9. Зошто овие ученици за малку го пропуштеа највозбудливото нешто што се случи на таа планина?

О. *Бидејќи заспаа.*

10. Што беше светлината која блескаше од Господ Исус?

О. *Неговата слава.*

11. Каков друг доказ имаме дека Исус е Божји Син?

О. *Гласот Божји кој рече: "Ова е мојот возљубен Син".*

12. Бидејќи Исус е Божји Син, што треба да правиме?

О. *Да го слушаме и да внимаваме на Неговите зборови.*

## Шеснаесетта лекција

**Исчистувањето на лепрозниот**

**Библиски текст:** Матеј 8:4; Марко 1,40-45; Лука 5,12-14; 3 Кн. Мојсеева 13,1-46.

**Основна вистина:** Господ Исус Христос може да те исчисти од гревот.

**Примена за : неспасени деца** Дојди кај Него и ќе бидеш исчистен.

**Почеток:** Која е најлошата болест која сте ја имале?

**Развој на настаните:**

1. Човекот ја открива болеста.
2. Човекот оди кај свештеникот.
3. Прогласен е за "нечист" - ЦВН.
4. Човекот го напушта семејството - ЦВН.
5. Тој живее осамен, тажен живот - ЦВН.
6. Слушна за Исус - ЦВ.
7. Оди во градот.
8. Вели: "Ако сакаш, можеш да ме исчистиш" - ЦВН.
9. Господ Исус рече: "Биди чист".

**Кулминација:** 10. Исчистен! - ЦВН.

**Заклучок:** 11. Оди кај свештеникот. 12. Си оди дома - ЦВН.

**Стих за учење напамет:** *1. Јован 1,7: "Крвта на Исуса Христа, Неговиот Син нè исчистува од секаков грев".*

**Визуелни помагала:**

Освен фланелографот, подгответе три натписи: лепрозен, чист, нечист.

**Лекција**

Која е најлошата болест што сте ја имале?*(дозволете им на децата да ви ги кажат своите искуства).*

Во старо време имаше една болест од која сите се плашеа. Се вика лепра *(ставете го натписот на таблата).* Луѓето кои беа болни од оваа болест имаа бели груби дамки на нивната кожа. Подоцна, почнуваа да им отпаѓаат прстите на нозете и рацете. Обидете се да замислите како беше да се биде лепрозен кога Господ Исус беше на земјата.

**Сцена 1** *(Поставете го лепрозниот, фигура 3С-180)*



Еден обесхрабрен човек си дојде дома. Кога го виде жена му, веројатно, почна да се прашува што се случило!? Зошто маж ми изгледа толку обесхрабрен? Иако се обиде да одгатне зошто беше толку тажен, таа не очекуваше дека веста ќе биде толку лоша.

"Имам лоши вести. Ова го чував во тајност, бидејќи се надевав дека не е вистина. Но сега морам да кажам". Човекот, веројатно, се оддалечи од својата жена. Можеби, тој покажа на една дамка на ногата или на некое друго место на телото. "Погледај! Мислиш ли дека е..."

"О, не! Не може да биде вистина! Мислиш ли дека е лепра?"

"Единствен начин да откриеме е да видиме што ќе каже свештеникот. Ако каже дека сум лепрозен, знаеш што ќе се случи".

Кутрата жена! Таа многу добро знаеше што ќе се случи, а тоа беше толку ужасно што не сакаше ниту да помисли. Свештениците кои раководеа со обредите во Храмот требаше да ја видат дамката и веднаш ќе знаеја дали е лепра. Но, можеби, немаше да бидат сигурни, па човекот ќе го ставеа во карантин 7 дена и пак ќе го провереа. Ако дамката не беше изменета, ќе стоеше во карантин уште 7 дена и пак ќе го провереа.

Знаете ли што значи да се биде во карантин? Понекогаш тоа се нарекува изолација. Притоа не се дозволуваат посети, бидејќи и други луѓе можат да се заразат. Ако дамката избледеше, свештеникот ќе го прогласеше за **"чист"**. Ако дамката се зголемуваше, свештеникот ќе го прогласеше за **"нечист"** *(3. Кн. Мојсеева 13,21-36).*

"Никому нема да кажеме за ова", - се согласија мажот и жената, но мажот знаеше дека ќе мора да се покаже пред свештеникот.

**Сцена 2** *(Поставете го свештеникот и лепрозниот, фигурите 3С-190 и 3С-191)*



Можеби, уште следниот ден тој отиде кај свештеникот. Да бевте близу до него можеби ќе го слушневте како си зборува самиот со себе: "Никогаш не мислев дека ова може да ми се случи мене. Подобро е да умрам. Да си лепрозен е најлошото нешто што може да ти се случи".

Додека одеше во Храмот за да го најде свештеникот, веројатно, размислуваше: "Ако сум лепрозен веќе никогаш нема да дојдам во Храмот". Ова беше едно од правилата за човек кој беше **"нечист"**. Сè додека беше **"нечист"** не можеше да влезе во тоа место на славење. А лепрозните беа **"нечисти"** до својата смрт.

Ајде да си замислиме дека може да го следиме овој човек и да видиме што му кажа свештеникот. Додека свештеникот ја гледаше дамката, човекот внимателно го гледаше него. Што ќе каже? Да, свештеникот знаеше дека тоа е лепра. "Нечист", - викна тој. - "Ти си нечист".

На извесен начин и ти си како лепрозниот. Нешто не е во ред со тебе. Не, ти не си болен, но си нечист - нечист пред Бог. Тоа значи дека Бог го гледа твојот живот и вели дека е **"нечист"**. Можеби, се чудиш...

Дали понекогаш се тепаш со брат ти? Бог тоа не го сака - тоа е нешто **"валкано"**, или нечисто. Дали некогаш си препишувал во училиште; и тоа е непослушност пред Бог. Можеби, ја излажа мајка ти. И рече: "Не ми е добро". Со тебе беше сè во ред, но не сакаше да одиш на училиште. Бог ги гледа лагите како лоши, погрешни и нечисти. Тој наредува: "Не сведочи лажно!" - тоа значи да не кажуваш лаги. Сите ние ги правиме овие лоши работи. Во Библијата се вели: "*Сите сме како нечиста облека...*" *(Исаија 64, 6).* Кога Бог гледа во твојот живот и ги гледа себичноста, лошото однесување, лагите, измамата, тепачките, Тој вели дека си **"нечист"**, исто како што му рече свештеникот на лепрозниот.

**Сцена 3** *(Поставете го човекот 3С-190)*



Колку тажен беше тој човек кога си замина одкај свештеникот. Почна да размислува за сè што требаше да направи и за сите работи што веќе не може да ги прави.

Требаше да носи облека која беше искината и парталава. Косата ќе му станеше бушава и нечиста. Требаше да ги покрива долниот дел на лицето и устата *(на тој начин секој можеше веднаш да види дека е лепрозен)*. Требаше да го напушти семејството и да живее надвор од градот, сам или со другите лепрозни. И најсрамно од сè, ако некој му се приближеше, требаше да почне да вика: "Нечист, нечист".

Не можеше да оди на пазар да купува или да продава. Не можеше да оди на работа со другите мажи за да заработи пари за семејството. Не можеше да оди и да го слави Бог во Храмот, или, пак, да присуствува на собирите на празниците. Веќе не можеше да живее како маж на својата жена, или како татко на своите деца.

Беше тажен, многу тажен ден кога го напушти домот. Замислете си ги неговите последни часови таму. Колку беше тешко да рече: "Збогум". Жената и децата сигурно му ветија дека ќе доаѓаат да го видат и да му донесат храна. Од тој ден тој требаше да биде одвоен од семејството - само поради болеста.

Поради сето лошо што го правиме, а кое во Библијата се нарекува грев, ние сме одвоени од Бог. Во Библијата се вели дека **"Бог е свет"**. Тоа е токму спротивното од **"нечист"**. Бог е чист и добар, секогаш праведен. Тој никогаш не може да дозволи нешто или некој грешен, или да биде нечист со него. Имаше човек во Библијата кој виде колку Бог е чист и добар. Тој викна: "Јас сум нечист" *(Исаија 6)*. Тој знаеше дека со сиот свој грев никогаш не може да биде заедно со Бог. Истото е и со вас: ако животот ви остане нечист и валкан, никогаш нема да бидете со Бог. Ќе мора засекогаш да бидете одвоени од Него. Тоа е најлошото нешто што може да ви се случи. Колку е тажно! Колку беше тажен и лепрозниот.

**Сцена 4** *(Поставете го лепрозниот, фигура 3-С-193 под дрвото 3С-192)*



Беше многу осамен, далеку од семејството и далеку од градот. Често размислуваше за минатото, за убавите мигови што ги доживеал, но и за тоа дека тие веќе нема да се повторат.

Мразеше да вика: "нечист, нечист" кога некој ќе му се приближеше. Се чувствуваше бедно кога гледаше колку брзо го одминуваа луѓето. Никој не сакаше да го допре. Можеби, дури и посакуваше што поскоро да умре.

Зар никој не можеше да му помогне? Не. Во тоа време лекарите немаа лек за лепрата. Се разбира, самиот не можеше да си помогне. Колку и да се миеше, колку и да јадеше посебна храна, колку и да вежбаше - ништо не можеше да ја отстрани таа страшна болест.

Исто како и твојот грев. Не можеш да направиш ништо што ќе го отстрани и ќе те направи чист пред Бог. Можеш да се обидеш да се молиш, да одиш в црква, да се обидуваш да бидеш добар, но овие нешта никогаш нема да те направат чист пред Бог. Јас не можам да го исчистам твојот живот, ниту, пак, твоите родители. Навистина, никој не може да те исчисти од гревот. Тоа е многу голем проблем - исто толку голем како и проблемот на лепрозниот.

**Сцена 5** *(Поставете го момчето, фигура 3С-194)*



За лепрозниот беше тешко да слушне вести за тоа што се случуваше во градовите и селата. Но, еден ден слушна вест која му даде мал зрак на надеж. Веста беше за еден човек кој правеше чуда и поучуваше. Тој разбра се вика Исус. Тој

лекува луѓе кои имаа болести. Тој лекува дури и парализирани.

Лепрозниот имаше доволно време да размислува за тоа што го слушна. Овој човек мора да е некој особен човек. Само Бог има таква моќ. Сигурно си помисли: "Овој човек, Исус, е мојата единствена надеж".

Господ Исус Христос е и твоја единствена надеж. Тој е Единствениот кој може твојот живот да го направи чист. Тој е единствениот Божји Син. Тој отсекогаш живеел со својот Татко. Тогаш, на првиот Божиќ, Тој стана човек и почна да живее на земјата. Тој никогаш, никогаш не направи грев; Неговиот живот беше чист и без дамка. Но Тој ги сака луѓето како нас. Луѓе кои направиле толку лоши работи, што Тој мораше да умре за нас. Единствен начин за нас да бидеме исчистени беше Единствениот Божји Син да умре и да ја пролее својата крв. "*Крвта на Исуса Христа, Неговиот Син нè исчистува од секаков грев" (1 Јован 1,7).* Тој не може да го исчисти твојот живот, ако е мртов. Но, Тој е жив. Тој може да те исчисти. Лепрозниот копнееше да се исчисти од лепрата. Но дали некогаш ќе може да го види овој човек Исус?

Еден ден некој викна кон него: "Човекот Исус е во градот!"

"Мора да го видам", - си мислеше лепрозниот. - "Но не смеам да влезам во градот". Сепак, не се двоумеше многу долго.

Тој реши да оди. Кога влезе во градотм, веројатно, викаш: "Нечист, нечист!" Обидете се да ги замислите луѓето како бегаат на сите страни. Тие дури не сакаа да се допрат до него со своите облеки.

*(Поставете ја толпата 3С-162 во Заднината, поставете го Исус, 3С-195, лепрозниот, 3С-196 и момчето, 3С-194)*

Но, еден човек не побегна. Тоа беше Господ Исус Христос, Божјиот Еден и Единствен Син. Лепрозниот падна ничкум пред Неговите нозе. "Господи, ако сакаш, можеш да ме исчистиш!" - викна тој. Лепрозниот веруваше дека Исус Христос може да го исчисти. Тој дојде да праша дали Тој ќе сака да го направи тоа. Истото важи и за тебе. Веруваш ли дека Исус Христос може да те направи чист пред Бог? Дали навистина сакаш да си чист? Тогаш дојди кај Господ Исус. Ти не можеш да го видиш или да дотрчаш до Него. Но, ако во срцето искрено му кажеш дека веруваш оти може да те направи чист, тоа е исто како да дојдеш кај Него. Ако не знаеш како да дојдеш кај Него, а навистина сакаш да го направиш тоа, дојди да поразговараме по часот *(учителе, одредете место)*. Ќе ми биде мило да ти објаснам од Библијата како да дојдеш кај Господ Исус. Лепрозниот дојде кај Него и побара да биде исчистен. Што ќе направеше Господ Исус? Луѓето кои гледаа сигурно занемеа кога Тој ја подаде раката и го допре нечистиот лепрозен човек. Тој рече: "Сакам, исчисти се!"

Во тој миг лепрата се изгуби од човекот. Веќе немаше дамки и рани. Се изгубија. Веќе ги немаше!

Така може да се случи и со твојот грев. Може да го снема уште денеска, ако му кажеш на Господ Исус нешто слично на ова: "Мил Господе Исусе, јас знам дека мојот живот не е чист - жалам за тоа. Ти благодарам што умре и што ја пролеа Твојата крв за да ме исчистиш. Те молам исчисти ме од гревот". Во Библијата Бог вели: *"Крвта на Исус Христос, Неговиот Син нè исчистува од секаков грев"*. Можеш да се исчистиш денеска - исто како лепрозниот.

"Оди покажи им се на свештениците", - му рече Господ Исус на човекот. Но не верувам дека сега со страв го направи тоа! Беше толку среќен!

**Сцена 7** *(Поставете ги свештеникот и човекот, фигурите 3С-191 и 3С-197)*

Свештеникот го прегледа многу внимателно. Тогаш го прогласи за чист. Прекрасно беше што тој човек можеше пак да си оди дома. Тој никогаш не можеше да го заборави денот кога дојде кај Господ Исус. Сега беше чист.

Што е со твојот живот, кој збор може да го опише: **"чист"** или **"нечист"**? *(поставете ги натписите)* Колку безумно е да се има нечист живот и да се биде одвоен од Бог засекогаш. Дојди кај Господ Исус сега и побарај да те исчисти.

Ако сакате подоцна во програмата можете да го искористите и овој дел од лекцијата.

*(Поставете ги лепрозните и Христос 3С-198 и 3С-199)*

Во Библијата се кажува и за една друга случка кога други лепрозни се сретнале со Господ Исус. Овојпат тие не се приближија. Тие повикаа оддалеку: "Исусе, Учителе, смилувај ни се". И тој не ги избрка. "Одете и покажете им се на свештениците", - рече Тој.

*(Отстранете ги лепрозните)*

Тие послушаа и тргнаа кон свештениците. Додека одеа видоа дека лепрата се исчисти. Можеби поради возбудата, деветмина од нив заборавија да му се заблагодарат на Исус. Само еден од нив јавно ја искажа благодарноста. Во Библијата се вели дека гласно го славеше Бог и падна ничкум пред нозете Исусови за да му се заблагодари.

*(Поставете ја фигурата на Христос и благодарниот лепрозен, 3С-195 и 3С-200)*

Мислите ли дека Господ Исус беше разочаран што другите не му се заблагодарија? "Зар не се исчистија десетмина?" - праша Тој. - "Каде се другите девет? Зар само еден се врати да се заблагодари?"

Денеска за време на часот ќе одвоиме време кога може да му се заблагодарите на Господ, ако Тој ве исчистил. Кога му благодарите кажете го тоа гласно.

### ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Која болест ги правеше луѓето **"нечисти"**?
О. *Лепрата.*
2. Кој требаше да соопшти дека човекот е нечист?
*О. Свештеникот.*
3. Набројте неколку нешта кои еден лепрозен не можеше да ги прави.
О. *Да оди во Храмот, да живее со семејството, да оди на пазар.*
4. Зошто е гревот како лепрата?
О. *Нѐ прави нечисти пред Бог и нѐ одвојува од Него.*
5. Колкумина од луѓето се грешни?
О. *Сите.*
6. Што му даде малку надеж на лепрозниот?
О. *Кога слушна за Исус.*
7. Зошто Исус Христос е единствената надеж за грешните?
О. *Тој е Божјиот Син кој умре и ја пролеа својата крв за нашите гревови.*
8. Што рече лепрозниот кога се сретна со Господ Исус?
О. *"Ако сакаш, можеш да ме исчистиш".*
9. Што рече и што направи Господ Исус?
О. *Го допре лепрозниот и рече: "Сакам, исчисти се".*
10. Како можеш да бидеш исчистен од сите гревови?
О. *Дојди кај Господ Исус и побарај да те исчисти.*
11. Што рече свештеникот кога го виде човекот вторпат?
О. *"Чист!"*
12. Во Библијата се вели: "*Крвта на Исус Христос Божјиот Син нѐ исчистува од...*" кој грев?
О. *Од сиот грев.*

## Седумнаесетта лекција

**Богатиот младич**

**Библиски текст:** Матеј 19, 16-26; Марко 10, 17-27; Лука 18, 18-27.

**Основна вистина:** Вечниот живот е дар од Бог преку Исус Христос.

**Примена за неспасени деца:** Уште денеска примете го дарот на вечниот живот.

**Структура на лекцијата:**

**Почеток:** Разговор во семејството Поповски.

**Развој на настаните:**

1. Богатиот младич дотрча кај Господ Исус.
2. Клекна пред Него.
3. Праша: "Што треба да направам за да имам вечен живот?" - ЦВ.
4. Исус одговори: "Држи ги заповедите!" - ЦВН.
5. Младичот: "Ги држав".
6. Исус: "Продај сѐ што имаш!"
7. Младичот си отиде натажен - ЦТН.
8. Исус: "Полесно ѝ е на камила да помине низ иглени уши" - ЦВН.
9. Учениците: "Кој може да се спаси?"
10. Исус: "За Бога сѐ е можно" - ЦВН.

**Визуелни помагала:** Освен фигурите од фланелографот во сцена 4 употребете и игла.

**Стих за учење напамет:** *Римјаните 6,23: "Зашто, платата што ја дава гревот, е смрт, а дарот Божји е вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ".*

**Учество на учениците:** Четири деца учествуваат во воведот.

Слушајте! Ја слушнавте ли таа врева? Како нешто да се скрши. Изгледа, падна чинија на подот! Звучи како семејството Поповски да има семеен разговор.
*(Учителе, напишете ги овие четири изјави и дајте им ги на децата. Секое дете нека го прочита текстот кога ќе го повикате името на личноста која ја претставуваат).*

1. *(Мајката)* Ох, Ана! Како можеше? Тоа беше скапа чинија. Зар не можеше да бидеш повнимателна?

2. *(Ана)* Јас не го направив тоа намерно. Иван си поигруваше со мене. Ми падна поради него.
3. *(Иван)* Мамо, таа не беше една од твоите нови чинии.
4. *(Таткото)* Таа чинија вредеше многу бидејќи беше стара. Тоа беше чинија на мојата баба. Вие деца не сфаќате колку многу ни значат некои работи мене и на мајка ви.

Има нешта што на некои луѓе им значат многу. Други нешта се вредни за некој друг. Кое нешто е повредно за вас отколку сè друго на овој свет? Дали тоа е тешко прашање?

Многупати Господ Исус ги натера луѓето да размислуваат за него.

**Сцена 1** *(Поставете го богатиот младич, фигурата 3С-201, Христос, фигурата 3С-199)*



Еден ден еден млад човек требаше многу да размислува. Сè почна кога дотрча кај Господ Исус. Учениците сигурно беа зачудени, бидејќи овој млад човек беше богат и виден. Во Библијата се вели дека беше управник. Веројатно, беше еден од луѓето кои беа одговорни за Синагогата, место каде Евреите го славеа Бог. Таквите богати и видни луѓе не трчаат често по пат. Учениците беа уште позачудени да го видат како клечи пред нивниот Учител.

*(Заменете ја фигурата 3С-201 со 3С-202)*

Тие престанаа да разговараат и почнаа внимателно да гледаат и слушаат. Што сакаше овој млад човек?

**Сцена 2** *(Отстранете ја фигурата 3С-199. Поставете ги фигурите 3С-189, 3С-203 и 3С-204, Христос и учениците)*



Младиот човек праша: " Добар учителе, што треба да направам за да имам вечен живот?"

Многу важно прашање! Овој млад човек сакаше да знае како може да му припадне на Бог и да биде сигурен дека ќе живее вечно со Него.

Овој управник во Синагогата, овој религиозен човек, мора да му припаѓа на Бог и мора да е сигурен дека ќе оди на небото. Ах, не! Овој млад човек знаеше дека нема вечен живот. Религиозноста никому не му дава вечен живот. Овој млад човек беше богат, но не можеше да го купи вечниот живот. Да се има вечен живот е најважното нешто на светот, бидејќи без него не можеш да отидеш на небото кај Бог.

Младиот човек ја знаеше важноста на тоа. Затоа и дојде кај Господ Исус со тоа прашање. Господ Исус му одговори: "Зошто ме наречуваш добар? Никој не е добар, освен Единиот Бог". Тој сакаше овој млад човек да види дека Тој, Господ Исус е навистина Бог. Тој беше совршен. Господ знаеше дека младиот човек не разбира колку се добри Тој и Неговиот Татко. Ако го разбереше тоа, ќе разбереше дека тој воопшто не е добар.

Следното што го кажа Господ Исус, сигурно, ги зачуди учениците. "Ги знаеш заповедите", - продолжи Господ Исус, - "не убивај; немој да живееш со туѓа жена; не кради; не лажи; не сведочи лажно; почитувај ги татко ти и мајка ти".

Дали Господ Исус сакаше да каже дека, ако ги држиме Божјите заповеди, можеме да добиеме вечен живот? Токму тоа го кажа! Ако ги држиш сите Божји заповеди секој ден, по цел ден, од денот кога си се родил, додека умреш, тогаш ќе имаш вечен живот и си го положил тестот. Но, ако си излагал само еднаш си паднал. Ако само еднаш си помислил лошо - си паднал... или ако само еднаш си бил непослушен... или си лажел... или си се налутил... никој од нас не го положи тестот, нели? Во Библијата се вели: "*Нема ни еден да прави добро, не, ни еден*". *(Римјаните 3,12)*. Ни еден човек во цел свет не е доволно добар. Ни еден во ова одделение не е доволно добар. Вие не сте доволно добри за да добиете вечен живот, само со исполнување на Божјите заповеди. И богатиот младич не беше доволно добар, но тој мислеше дека е!

"Кон сето тоа сум се придржувал од мал", - му рече на Господ Исус. - "Но, сепак, нешто ми недостига". Изгледа, не разбра дека дури и лошите мисли се непослушност кон Божјите заповеди. Тој не знаеше дека Единствениот кој го исполни Божјиот закон совршено беше човекот со кого разговараше - Исус Христос.

Господ Исус не го изгуби трпението со него. Во Библијата се вели дека Исус го погледна и го засака. Му рече: "Има уште нешто што мора да го направиш. Оди и продај сè што имаш. Дај им ги парите на сиромасите. Тогаш дојди и следи ме".

Младиот човек се збуни. "Да продадам сè што имам?", - рече не верувајќи. Тој имаше многу работи и сакаше да ги зачува. Не сакаше да ги даде своите пари. Тие беа негови, тој си ги сакаше. Господ Исус знаеше дека парите се најважното нешто во неговиот живот. Божјата заповед е дека Бог треба да биде на прво место: "Возљуби го Господ, твојот Бог со сето свое срце... и својот ближен како себе си..." Овој млад човек повеќе ги сакаше своите пари отколку Бог. Повеќе ги сакаше своите пари отколку другите луѓе. Не ги послуша Божјите заповеди. За да има вечен живот, Бог требаше да му биде на прво место. Длабоко во него се водеше борба: сакаше вечен живот, а си ги сакаше и парите. Што беше поважно?

**Сцена 3** *(Заменете ја фигурата 3С-202 со 3С-205, натажениот младич)*



Лицето на младичот се измени. Стана многу тажно. Се сврте и си замина од Господ Исус.

*(Заменете ја фигурата 3С-202 со 3С-205)*

Што му беше поважно: парите или вечниот живот? *(нека ви одговорат децата)*

Колку ти е важно да му припаѓаш на Бог и да бидеш подготвен за небото? Можеби, воопшто не се грижиш за тоа. Колку безумно и жално! Можеби сакаш вечен живот, но знаеш дека ќе го изгубиш најдобриот пријател, ако станеш христијанин. Пред себе имаш тежок избор. Или, можеби, знаеш дека има некои работи во твојот живот кои ти се поважни отколку Бог. Дали си подготвен Бог да биде на прво место во твојот живот? Во тебе се води борба. Немој да ја направиш истата грешка како кутриот човек кој се сврти и си замина од Господ Исус Христос, Единствениот кој може да даде вечен живот.

**Сцена 4** *(Отстранете ја фигурата 3С-205, младиот човек, заменете ја фигурата 3С-189 со 3С-206, Христос)*

Господ Исус мора да беше натажен кога се сврте кон учениците. "Колку е тешко за богатите да влезат во Царството Божјо". Господ Исус знаеше дека многу богати луѓе ги сакаат своите пари и работите што ги купуваат, бидејќи мислат дека тоа е сè што им треба. Тој рече: "Полесно ѝ е на камила да помине низ иглени уши, отколку богат да влезе на небото". *(учителе, покажете ја иглата.)* Мислите ли дека камила може да помине низ ушите на оваа игла? Невозможно е! Тоа беше и заклучокот на учениците.

Тие беа вчудовидени, па прашаа: "Тогаш, кој може да се спаси?"

Тој одговори: "За луѓето тоа не е можно" - ни еден човек, момче или девојче не може да добие вечен живот со тоа што ќе биде добар. Ниту, пак, може да се купи со пари. Ниедна личност, како твојата мајка, татко или проповедникот, не можат да ти го дадат. Но, Господ Исус продолжи: "За луѓето тоа не е можно, но за Бога сè е можно". Да, дури и богатите можат да се спасат, Бог може да го стори тоа. Бог го купи вечниот живот за нас. Тој не го купи со пари, туку со својот Син. Кога Исус Христос умре на крстот, Тој плати за вечниот живот за луѓето како тебе и мене. Кога воскресна од мртвите докажа дека цената што ја плати беше доволна. Преку Него можеш да имаш вечен живот. Во Библијата се вели: "*... а дарот Божји е вечен живот преку Исус Христос нашиот Господ*" *(Римјаните 6, 23).*

Ако некој ви понуди дар *(учителе ова можете да го покажете, користејќи мал подарок)* што треба да направите? Да, треба да го земете и да кажете "благодарам". Не треба да го платите, или да го заработите. Го примате кога ќе поверувате во Исус Христос како во ваш Спасител.

**Сцена 5** *(Отстранете ги учениците, искористете ја приложената фигура* **"ти"** *и поставете ја десно од фигурата на Христос)*



Обидете се да замислите дека вие сте на местото на богатиот млад човек. Ќе си одите ли без вечниот живот, бидејќи не сакате да го следите Исус Христос и да ви биде прв во вашиот живот?

Можеби имате пријател кој ви е поважен. Или, пак, правите нешто што не е во ред, но не сакате да се откажете од тоа. Или, пак, се плашите дека ќе ви се смеат.

А можете искрено да кажете: "Да му се припаѓа на Бог и да се биде подготвен за небото е многу поважно од сето ова". Тогаш кажи му го тоа на Господ Исус. Кажи му сега дека ти е жал

за твојот грев. Заблагодари му што умрел за да го купи вечниот живот за тебе. Поверувај му како на твој Спасител. Тогаш ќе имаш вечен живот... *"... а дарот Божји е вечен живот преку Исус Христос нашиот Господ".*

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ**

1. Кој дојде трчајќи кај Господ Исус?
О. *Младиот богат управник.*
2. Што праша тој?
О. *"Што треба да правам за да добијам вечен живот?"*
3. Што е тоа вечен живот?
О. *Да му се припаѓа на Бог и да знаеш дека ќе бидеш со Него засекогаш.*
4. Како одговори Господ Исус?
О. *Држи ги заповедите.*
5. Колку добро треба да ги исполнуваш заповедите за да добиеш вечен живот?
О. *Совршено.*
6. Колку луѓе го направија тоа?
О. *Само Исус Христос.*
7. Што сакаше младиот човек повеќе отколку вечен живот?
О. *Своите пари.*
8. Како се чувствуваше кога си отиде од Господ Исус?
О. *Тажен.*
9. Која од следните реченици опишува што е вечниот живот:
(а) нешто што треба да го заработиш,
(б) нешто што го примаш,
(в) нешто за кое плаќаш.
О. *(б).*
10. Колку го чинеше Бог нашиот вечен живот?
О. *Неговиот Син.*

## Осумнаесетта лекција

**Закхеј го сретна Христос**

**Библиски текст:** Лука 19,1-10.

**Основна вистина:** Господ Исус дојде да ги бара и спаси изгубените.

**Примена за неспасените деца:** Ако поверувате во Исус Христос ќе бидете спасени.

**Структура на лекцијата:**

**Почеток:** "Штом живеете под римска власт..."

**Развој на настаните:**
1. Претставете го Закхеј - ЦВН.
2. Исус дојде во Ерихон.
3. Закхеј се обиде да го види и не успеа.
4. Закхеј се обиде да најде решение - ЦВ.
5. Истрча и се качи на дрво.
6. Исус застана и го викна по име - ЦВ.
7. Закхеј слезе.
8. Заедно отидоа во домот на Закхеј.
9. Луѓето приговорија - ЦВ.
10. Закхеј: "Ќе раздадам на сиромаси, ќе вратам сè". - ЦВН.

**Кулминација:** 11. Господ: "Дојде спасението".

**Заклучок:** 12. "Синот човечки дојде да го побара и спаси загубеното". - ЦВН.

**Стих за учење напамет:** *"Оти Синот Човечки дојде да го побара и спаси загубеното". (Лука 19,10).*

**Лекција**

**Сцена 1** *(ЗС-207, Закхеј, и ЗС-197, оданочениот)*



"Штом живеете под римска власт мора да ги плаќате и даноците што ги бараат!" Човекот што го плаќаше данокот ги фрли парите. "Еве ги! Не можам да разберам како можат да бараат толку пари. Ја мразам римската власт! Одејќи кон вратата, собирачот на данок го слушна како прошепоти: "А те мразам и тебе"

*(Отстранете ја фигурата 3С-197)*



Собирачот на данок се насмевна. Тргна настрана дел од парите и промрморе: "А ова е за мене. Римјаните никогаш нема да забележат". Неговите алчни очи засветкаа. Тој ден собра многу пари.

Побрза дома по улиците на Ерихон, поминувајќи покрај прекрасни палмови дрвја и градини полни со рози. Тој беше богат и важен, но ниеден од луѓето што ги сретна не му се насмевна и не рече: "Добар ден". Некои дури погледнуваа на друга страна, не сакајќи некој да помисли дека овој даночник, овој мал лажго, е нивни пријател. Се обидуваше да не се грижи. Си велеше: "Не ми се потребни".

Кога ќе поминеше покрај некој сиромав питач на плочникот, набрзина ќе поминеше покрај него, мислејќи: "Јас работам за моите пари, и другите нека работат, па ќе имаат".

Кога стигна дома, влезе во прекрасен дом. Беше токму такво место какво што му прилегаше на главниот даночник. Изгледаше дека има сè. Но, дали навистина беше така?

Беше себичен, алчен и измамник. Речиси и немаше пријатели. Уште полошо, Бог не беше негов пријател. Лошите нешта во неговиот живот го оддалечија од Бог. Според Библијата, Тој беше **"изгубен"**. *Во Библијата се вели:* "*Сите како овци заскитавме*" *(Исаија 53,6)* - сите сме изгубени. Тоа те вклучува и тебе. Ти не изгледаш толку лош како овој даночник, но и ти не си по Божјата волја. Кога мајка ти те повика за ручек, ти не дојде. Бог вели: **"Почитувај ги родителите"**, а ти не го правиш тоа. Дали си украл пари од твоите родители, или од постариот брат? Бог вели: **"Не кради"**. Се тепаш со брат ти - не го сакаш толку колку што се сакаш себеси, а Бог го бара тоа од тебе.

Да, твојот живот е полн со лоши, неправилни нешта. И ти си застранил, токму како што пишува во Библијата. Како и овој главен даночник, ти си изгубен од Бог. Но, изгледаше дека овој човек не се грижи - му беше убаво да има многу пари.

**Сцена 2** *(Поставете ја толпата, фигурите 3С-157, 3С-188, 3С-204, 3С-207, 3С-208, 3С-209, 3С-211 и Исус 3С-199)*



Еден пролетен ден тој брзаше по главната улица на Ерихон, односно се обидуваше да брза, но беше невозможно. "Колкава толпа", - си рече. Имаше многу луѓе од Галилеја и од другите краишта, кои одеа кон Ерусалим за Пасха. Луѓето кои живееја во Ерихон излегоа од своите домови да ги видат роднините и пријателите кои поминуваа низ градот.

Сепак, некако раздвиженоста беше поголема отколку обично. Некој рече: "Доаѓа Исус од Назарет". Исус! - тој имаше слушнато за него. Тој беше Учителот кој излекува многу болни. Можеби, причината зошто главниот собирач на данок беше толку заинтересиран да го види Исус беше што тој беше наречен "пријател на даночниците и грешниците". Еден од дванаесетте ученици, Матеј, пред да стане следбеник на Господ Исус исто така, беше, даночник.

Главниот даночник се обиде да се пробие низ толпата, но никој не сакаше да му направи пат на тој толку несакан и омразен човек. Се исправи на прсти, но ништо не можеше да види. Толпата беше многу голема, а тој беше многу мал.

"Па, што да направам?"- помисли. - "Наскоро Исус ќе замине од градот, а јас не успеав ни да го видам". Закхеј не знаеше дека Исус веќе никогаш нема да помине низ Ерихон. Тој одеше кон Ерусалим каде требаше да биде убиен. Сето ова беше дел од Божјиот план. Исус Христос, Божјиот Син умре на крстот. Врз себе ја зеде казната за сите лоши нешта, гревовите, кои нè прават изгубени од Бог. Затоа Тој може да ги спаси изгубените. Тој може да те спаси од твојот грев и тогаш нема да си изгубен од Бог. Гревот веќе нема да владее во твојот живот. Тој ќе те спаси од него. Затоа умре. Се разбира, Тој не остана мртов, но никогаш повеќе немаше да оди со толпата на патот кон Ерусалим. Токму сега беше во Ерихон.

Овој низок собирач на данок многу сакаше да го види. "Само ако можам да истрчам пред толпата, некаде понапред на патот по кој Исус ќе помине... Но како?" - брзо размислуваше.

**Сцена 3** *(Отстранете ги фигурите. Поставете го дрвото 3С-192А и Б и Закхеј 3С-210)*



И тогаш го виде. "Дрвото! Смоквата!" Ако се качи на дрвото ќе може да гледа. Истрча пред толпата. Воопшто не му беше грижа дали некој го виде како се качува.

*(Отстранете ја фигурата 210 и поставете ја 212)*



"Колку добра идеја", - си честита самиот себе си. - "Совршена глетка". Гледаше како толпата се приближува. "Тоа е Исус. Колку ми е мило што можам да го видам". Не помина долго и Господ Исус беше токму под дрвото и таму застана.

**Сцена 4** *(Поставете го Исус и толпата)*



Одеднаш погледна на дрвото. Погледна право во лицето на даночникот. "Закхеј", - викна Тој. "Слези побргу, зашто денеска треба да бидам во твојот дом". "Ми го знае името", - си помисли малиот човек. Каков шок! За малку ќе паднеше од дрвото! Знаете ли од каде Господ Исус го знаеше неговото име? *(нека одговорат децата).* Тој е Бог, Бог Син. Бог знае сè. Господ Исус го знае и твоето име. Тој знае каде живееш и во кое училиште учиш. Тој знае дека си изгубен од Бог. Тој ги знае лошите работи што си ги направил, иако никој друг не ги знае. Тој знаеше сè и за Закхеј. Иако точно знаеше каков човек беше тој, сепак го сакаше. Тоа беше и причината што помина низ Ерихон - да го побара. Затоа го викна да слезе од дрвото.

**Сцена 5** *(Отстранете ја 192, поставете ја 207. Отстранете ја 213 и поставете ја 160)*



На Закхеј не му требаше многу време за да слезе. Можно ли е нему да му се случува тоа, на оној кого никој не го сакаше за пријател? Исус Христос го чекаше и заедно тргнаа по патот. Тогаш Закхеј слушна мнозина кои мрмореа и негодуваа: "Исус отиде во куќата на човек грешник". "Зар не знае каков човек е тој?"

Луѓето не можеа да сфатат дека Исус Христос дојде на светот да ги бара и спаси луѓето како Закхеј... како мене... како тебе. Да бидеш спасен значи да бидеш ослободен од гревот. Ти си спасен од казната што ја заслужуваш, а и од канџите со кои гревот го држи твојот живот. Спасениот човек не живее на ист начин како и изгубениот. Закхеј беше изгубен, но Господ Исус дојде да го побара. Сега заедно одеа кон неговиот дом.

**Сцена 5** *(Отстранете го дрвото. Поставете го Закхеј 3С-207, Исус 3С-214)*

Сигурно, Закхеј подготви вкусно јадење за својот гостин. Тој внимателно слушаше што му зборуваше Господ Исус. Во Библијата не се кажува што зборуваа. Јас сум сигурен дека Христос му кажа на Закхеј оти постои начин да се спаси. Додека Закхеј слушаше сфати колку е грешен и зол. Некако знаеше дека овој гостин може да ги среди работите меѓу него и Бог. Тој сакаше да се измени.

Тој почувствува дека мора нешто да каже. Се исправи и му кажа на Господ и на сите кои слушаа: "Господе, ќе дадам половина од сè што имам на сиромасите". Луѓето беа зачудени - се погледнаа меѓу себе за да се уверат дали слушнале добро. Закхеј не беше познат по помагање сиромаси. Што стана со него?

Одговорот беше во неговиот гостин. Кога Господ Исус Христос го наоѓа и спасува изгубениот човек, за него прави добри работи. Им ги простува сите гревови и ги прави нови, поинакви луѓе. Тие изгледаат исто, но разликата е дека живеат за Бог. Гревот веќе не е нивни господар, туку Исус Христос владее во нивниот живот. Ова може да ти се случи и тебе, исто како што му се случи и на Закхеј. Можеби сè уште не си сигурен како може Исус Христос да те спаси, а навистина сакаш да дознаеш. Тогаш остани по часот *(учителе одредете место)*. Ќе ми биде мило да ви објаснам од Библијата. Прекрасно е да се биде спасен и да не бидеш изгубен во грев. Тоа се случи и со Закхеј. Но тој сè уште зборуваше: "Ако сум измамил некого ќе му вратам четирипати повеќе отколку што сум му зел". Луѓето, сигурно, беа изненадени. Дали е ова истиот лош измамник Закхеј?

Беше Закхеј, но не лошиот и измамникот. Господ Исус му помогна да види колку беше грешен и лош. Тој сакаше веќе да не биде оној стариот. Ако сакаш да се спасиш, и ти како Закхеј мора да сакаш да престанеш да правиш лоши работи. Можеби зборуваш лоши работи, непослушен си кон родителите, можеби лажеш, или крадеш. Дали ти е жал за тоа? Сакаш ли да се измениш? Ако твојот одговор е **"да"**, кажи му на Господ Исус за тоа. Тој ќе те спаси од гревот и ќе те измени. Библијата вели дека ќе бидеш нова личност *(2 Коринќаните5,17)*. Тоа се случи со Закхеј. Тој внимателно слушаше кога Господ Исус проговори уште еднаш: "Денес дојде спасението на овој дом". "И овој човек, исто така", продолжи Господ Исус, "е син на Авраам". Луѓето наоколу знаеја дека Авраам беше познат по својата вера во Бог. Сега и Закхеј поверува во Бог за своето спасение.

Сигурно мнозина од луѓето зборуваа за тоа што се случи. Можеби нивниот разговор беше ваков: "Кој можеше да очекува дека Закхеј ќе се промени?"

"Исус навистина се грижи за него".

"Мора да има нешто особено во Исус, штом толку го измени овој човек".

"Навистина голема промена!"

Господ Исус рече уште нешто што, можеби, на некои им помогна да разберат: "*Синот човечки дојде да го побара и спаси изгубеното*" *(Лука 19, 10)*.

Закхеј беше изгубен во грев. Исус го побара и го спаси. Тоа може да ти се случи и тебе, исто така. Ако навистина сакаш да бидеш поинаков, кажи му на Господ Исус нешто слично на ова: ***"Мил Господе Исусе, јас сум изгубен во грев. Не сакам да останам изгубен. Ти благодарам што умре за мене. Те молам, спаси ме од мојот грев и направи ме поинаква личност"***. Ако навистина поверуваш во Господ Исус и ти ќе бидеш најден и спасен!

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ**

1. Зошто луѓето го мразеа Закхеј?
*О. Работеше за римската власт и понекогаш ги лажеше луѓето.*
2. Зошто Закхеј беше изгубен од Бог?
*О. Поради гревот.*
3. Зошто имаше многу луѓе во Ерихон?
*О. Луѓето одеа на Пасха во Ерусалим.*
4. Зошто Исус Христос не помина повторно низ Ерихон?
*О. Бидејќи требаше да умре.*
5. Зошто Закхеј не можеше да го види Исус?
*О. Беше многу низок.*
6. Како го реши тој проблем?
*О. Се качи на дрво.*
7. Како Господ Исус го знаеше неговото име?
*О. Тој знае сè, бидејќи е Бог.*
8. Што правеа луѓето кога Исус отиде во домот на Закхеј?
*О. Тие мрмореа и негодуваа.*
9. Како Закхеј покажа дека Исус Христос направи нов човек од него?
*О. Тој рече дека ќе даде пари за сиромасите и ќе им ги врати парите на сите кои ги измамил.*
10. Што рече Исус, кога дојде во домот на Закхеј?
*О. Спасение.*


13
14
15
16

**17** **18**

